Александра Ќурчиевска, професор по одделенска настава

| **Седмица 1**<br>**Датум:** | | | **Тема: Број и решавање проблеми**<br>**Наставна единица: Броеви до 20** | | **Одделение: I** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Распоред (делови од час)** | **Цели на учење** | **Критериуми на успех (очекувани резултати)** | **Активности** | | **Ресурси** | **Доказ за постигнување** |
| | | | **Опис** | **Организациони форми** | | |
| 10 мин. | Брои предмети до 20 и го поврзува количеството со соодветниот број | Можам да ги избројам предметите во училницата | Ајде да се изброиме и да се фатиме во круг.<br>- Што имам јас на број: Една глава, едно носе, две рачиња, две ножиња, две очиња, две ушиња<br>Броиме колку нѐ има во одд.<br>Броиме боички, гравчиња, столчиња, карти со бројки до 20. | З | Предмети за броење: боички, столчиња, гравчиња, камчиња, карти со напишани цифри до 20 и други | Дискусија<br>прашање<br>одговор<br>набљудување<br>фотографија |
| 20 мин. | Брои предмети до 20 и го поврзува количеството со соодветниот број | Умеам да ги наредам картичките со броевите до 20 | Активности во групи:<br>1 група<br>Предмети за броење: кутии, топчиња, стапчиња, гравчиња, садови, играчки, карти со напишани цифри до 20 и други манипулативни средства<br>2 група<br>Броење и подредување на картите броеви до 20<br>3 група<br>Нацртај бастунчиња според лепенката од бројот. | И | | |
| 10 мин. | Брои предмети до 20 и го поврзува количеството со соодветниот број | Знам количински да го претставам бројот | Учениците влечат картичка со број од 1 до 20 и се редат во ред, а потоа го кажуваат својот број внимавајќи да не грешат. | Г | Подготвен лист со лепенка со бреви до 20 | |
| **Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)** | | | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | | | **Клучна терминологија** |
| Заедничка работа; Индивидуална работа; Работа во групи | | | Домашна работа: Нацртај со шаблон 20 кружчиња и во секој круг напиши ги броевите до 20 | | | Броеви до 20 |

obrazovanie.literatura.mk

<table>
<tr><td colspan="3">Седмица 1<br>Датум:</td><td colspan="2">Тема: Број и решавање проблеми<br>Наставна единица: Броеви до 20</td><td colspan="2">Одделение: I</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Распоред (делови од часот)</td><td rowspan="2">Цели на учење</td><td rowspan="2">Критериуми на успех (очекувани резултати)</td><td colspan="2">Активности</td><td rowspan="2">Ресурси</td><td rowspan="2">Доказ за постигнување</td></tr>
<tr><td>Опис</td><td>Организациони форми</td></tr>
<tr><td>10 мин.</td><td>Брои предмети до 20 и го поврзува количеството со соодветниот број</td><td>Знам да бројам до 20</td><td>Со помош на Табела 100, гласно ги бројат броевите од 1 до 20, нанапред и наназад. Се редат во низа и секој редоследно го кажува бројот што следи почнувајќи од 1 и притоа крева една рака.</td><td>З</td><td>Табела 100</td><td rowspan="3">Дискусија<br>прашање<br>одговор<br>набљудување<br>фотографија</td></tr>
<tr><td>20 мин.</td><td>Брои предмети до 20 и го поврзува количеството со соодветниот број</td><td>Знам количински да го претставам бројот</td><td>Ги делам во три групи, секоја група добива различно количество гравчиња, добиваат задача да направат ѓердан од гравчиња и притоа да избројат колку гравчиња употребиле.<br>Се прави споредба кој ѓердан е најголем, кој најмал. Да направат проценка уште колку гравчиња треба за сите ѓердани да бидат со по 20 гравчиња.</td><td>Г</td><td>Гравчиња</td></tr>
<tr><td>10 мин.</td><td>Брои предмети до 20 и го поврзува количеството со соодветниот број</td><td>Знам да бројам и подредувам</td><td>Секој ученик добива шпил од 20 карти/бројки коишто треба да ги подреди по точен редоследен низ од 1 до 20. По завршената задача, учениците ротираат и увидуваат грешки – поправаат.</td><td>И/З</td><td>Карти со броеви до 20</td></tr>
<tr><td colspan="3">Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)</td><td colspan="3">Забелешки / можности за проширување / домашна работа</td><td>Клучна терминологија</td></tr>
<tr><td colspan="3">Заедничка работа;<br>Идивидуална работа;<br>Работа во групи.</td><td colspan="3">Домашна работа: Во тетратката со квадратчиња обои 20 квардатчиња со различна дрвена боичка</td><td>Именување, броеви до 20</td></tr>
</table>

obrazovanie.literatura.mk

| Седмица 1<br>Датум: | | | Тема: Број и решавање проблеми<br>Наставна единица: Чита и пишува броеви до 10 | | | Одделение: I |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Распоред (делови од часот)** | **Цели на учење** | **Критериуми на успех (очекувани резултати)** | **Активности** | | **Ресурси** | **Доказ за постигнување** |
| | | | **Опис** | **Организациони форми** | | |
| 10 мин. | Почнува да пишува цифри од 0 до 9 | Можам да пишувам цифри од 0 до 9 | Прегледување на домашната работа.<br>Броење до 10 предмети во училницата, наоѓање и покажување на броевите од математичкиот семафор.<br>Пишување на броевите на табла со креди во боја и читање на истите. | З/И | Табла и креда<br><br>Разни ресурси за пишување, цртање и манипулација, на пр: боички, песок, восочни бои, моливи, брашно, компјутери, конец | Прашање<br>Одговор<br>Дискусија<br>Набљудување<br>Практична работа |
| 20 мин. | Почнува да пишува цифри од 0 до 9 | Можам да користам цифри од 0 до 9 | Учениците ги делам на 4 групи:<br>1 група ги пишуваат броевите со прст од 0 до 9 во песок (пред уцениците има сад со песок врз кој може да се пишуваат броевите)<br>2 група пишуваат броеви од 0 до 9 преку цртање на броевите.<br>3 група пишуваат броеви со прст врз брашно<br>4 група цртаат броеви на компјутер.<br>Групите ротираат сè додека секоја група не ја заврши активноста. | Г | | |
| 10 мин. | Почнува да пишува цифри од 0 до 9 | Знам да користам цифри од 0 до 9 | Учениците читаат и ги погодуваат покажаните броеви од моја страна. | И/З | | |

| **Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)** | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | **Клучна терминологија** |
|---|---|---|
| Заедничка работа; Индивидуална работа | Домашна работа: Да ги направат и залепат броевите со конец од волница во тетратките | Број, цифри, нула, еден, два, три. |

obrazovanie.literatura.mk

| **Седмица 1**<br>**Датум:** | | | **Тема: Број и решавање проблеми**<br>**Наставна единица: Пишува броеви до 20** | | | **Одделение: I** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Распоред (делови од часот)** | **Цели на учење** | **Критериуми на успех (очекувани резултати)** | **Активности** | | **Ресурси** | **Доказ за постигнување** |
| | | | **Опис** | **Организациони форми** | | |
| 10 мин. | Почнува да пишува цифри од 1 до 20 | Можам да пишувам цифри од 1 до 20 | Прегледување на домашната работа.<br>Броење до 20 предмети во училницата, наоѓање и покажување на броевите од математичкиот семафор.<br>Пишување на броевите на табла со креди во боја и читање на истите. | З/И | Табла и креда | |
| 20 мин. | Почнува да пишува цифри од 1 до 20 | Можам да користам цифри од 1 до 20 | Учениците ги делам на 4 групи.<br>1 група ги пишуваат броевите со прст од 1 до 20 во песок (пред учениците има сад со песок врз кој може да се пишуваат броевите)<br>2 група пишуваат броеви од 0 до 9 преку цртање на броевите<br>3 група пишуваат броеви со прст врз брашно<br>4 група цртаат броеви на компјутер<br>Групите ротираат сè додека секоја група не ја заврши активноста. Во учебникот со помош на стрелки ги запишуваат броевите од 1 до 20. | Г<br><br>И/З | Разни ресурси за пишување, цртање и манипулација, на пр: боички, песок, восочни бои, моливи, брашно, компјутери, конец | Прашање<br>Одговор<br>Дискусија<br>Набљудување<br>Практична работа |
| 10 мин. | Почнува да пишува цифри од 1 до 20 | Знам да користам цифри од 1 до 20 | Учениците читаат и ги погодуваат покажаните броеви од моја страна. | З | | |

| **Организација: Детали за поделба по улоги /групи / возраст (поврзано со активностите)** | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | **Клучна терминологија** |
|---|---|---|
| Заедничка работа; Индивидуална работа; Работа во групи; Математичка игра | Домашна работа: Да ги направат и залепат броевите со конец од волница во тетратките | Број, цифри, еден, два, три, ... дваесет |

obrazovanie.literatura.mk

| **Седмица 1**<br>**Датум:** | **Тема: Број и решавање проблеми**<br>**Наставна единица: Процени и изброј** | **Одделение: I** |
|---|---|---|

| **Распоред (делови од часот)** | **Цели на учење** | **Критериуми на успех (очекувани резултати)** | **Активности – Опис** | **Активности – Организациони форми** | **Ресурси** | **Доказ за постигнување** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 10 мин. | Проценува и брои предмети до 30 и го поврзува количеството со соодветниот број | Знам да бројам до 20<br><br>Можам да ги избројам предметите во училницата | Ајде да се изброиме и да се фатиме во круг.<br>Што имам јас на број: Една глава, едно носе, две рачиња, две ножиња, две очиња, две ушиња.<br>Броиме колку нè има во одд.<br>Броиме боички, гравчиња, столчиња, карти со бројки до 30. | З | Предмети за броење: боички, столчиња, гравчиња, камчиња, карти со напишани цифри до 30 и др. | |
| 20 мин. | Проценува и брои предмети до 30 и го поврзува количеството со соодветниот број | Умеам да ги наредам картичките со броевите до 20<br><br>Умеам да проценам, избројам и количински да го претставам бројот | Активности во групи: Предмети за броење: кутии, топчиња, стапчиња, гравчиња, садови, играчки, карти со напишани броеви до 30 и други манипулативи средства го проценуваат количеството, а потоа ги бројат и ја проверуваат нивната проценка. | И | Подготвен лист со лепенка со бреви до 30 | Дискусија<br>Прашање<br>Одговор<br>Набљудување<br>Фотографија |
| 10 мин. | Проценува и брои предмети до 30 и го поврзува количеството со соодветниот број | Знам да бројам и подредувам | Учениците добиваат лист на кој се претставени количества на предмети, го проценуваат бројот, запишуваат, а потоа со броење го проверуваат количеството. | Г | | |

| **Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)** | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | **Клучна терминологија** |
|---|---|---|
| Заедничка работа; Индивидуална работа; Работа во групи; Математичка игра | Домашна работа: Нацртај со шаблон 20 кружчиња и во секој круг напиши ги броевите до 20 | Именување, броеви, брои до 30 |

obrazovanie.literatura.mk